Уп. бр. 08-134

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ, бул. 3-та Македонска бригада бр.52 Скопје, преку полномошник Васко Митев од Скопје, на седницата одржана на ден 29.10.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ, бул. 3-та Македонска бригада бр.52 Скопје има намера да стекне контрола над Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема Раде Кончар - Апаратна техника Скопје, бул. 3-та Македонска бригада бр.бб Скопје, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**
2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.09.2025 и на 09.10.2025 година, а дпполнето на 09.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ, бул. 3-та Македонска бригада бр.52 Скопје со која Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ ќе стекне контрола над Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема Раде Кончар - Апаратна техника Скопје, бул. 3-та Македонска бригада бр.бб Скопје, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ Скопје со дејност производство на апарати за дистрибуција и контрола на електрична енергија.

Друштво за производство и трговија Раде Кончар – Трансформатори и електрични постројки - ТЕП ДООЕЛ Скопје е во сопственост на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи Скопје , со адреса бул. 3-та Македонска бригада бр.бб Скопје чија дејност е поправка и одржување електрична опрема.

АД Раде Кончар -Апаратна техника е со регистрирана дејност на холдинг друштва. Друштвото остварува приходи од издавање на деловен простор, капитални добивки од продажба на финансиски средства и дивиденди.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за үврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**